USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

# 5 РАБОТИ кои треба да ги знаете за ОТВОРЕНИТЕ ПОДАТОЦИ



## 1 ШТО СЕ ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ?

**Отворените податоци се податоци во компјутерски обработлив формат кои може да се користат слободно, да се ре-искористуваат и да се ре-дистрибуираат од страна на било кој, без ограничувања.**




Корисниците треба да можат да ги користат отворените податоци на било кој начин, вклучувајќи нивна трансформација, комбинирање со други податоци и слободно споделување, како и можност за нивна комерцијална употреба.
Согласно ова, податоците се отворени кога секој може да има пристап до нив, може слободно да ги користи и да ги сподели, без било какви технички или правни ограничувања.

## 2 ПРИНЦИПИ НА КОИ СЕ ЗАСНОВААТ ОТВОРЕНИТЕ ПОДАТОЦИ



Меѓународната повелба за отворени податоци[1] предвидува повеќе принципи кои треба да ги рефлектираат отворените податоци:

- **Автоматски отворени**: Треба целосно да се смени концептот на отворање на информациите и податоците, од сегашниот концепт на поднесување барања до институциите за пристап до информации, до концепт на автоматска отвореност, односно до претпоставка на објавување на сите информации од јавен карактер.
- **Навремени и сеопфатни**: Вредноста на отворените податоци е во тоа тие да бидат релевантни, односно да бидат објавени навремено по нивната продукција и да ги вклучат сите елементи кои се вредни за корисниците, што значи дека институциите треба да ги објават податоците во нивната оригинална и непроменета форма.
- **Пристапни и корисни**: Податоците треба да бидат објавени во машински обработлив формат и да бидат достапни низ платформи кои ќе овозможат нивно лесно пронаоѓање. Тоа значи дека треба да се земе во предвид корисничкото искуство при пронаоѓање и преземање на податоците, како што се корисничкиот интерфејс, описот на податоците и форматите на податочните сетови. Податоците треба да се објават по отворена лиценца.
- **Споредливи и интероперабилни**: Податочните сетови треба да ги задоволуваат стандардите за квалитет со цел да можат да бидат употребени во корелација со други податочни сетови, и на тој начин да се зголеми потенцијалот на нивната вредност.
- **Кон подобро владеење и граѓанска вклученост**: Отворените податоци овозможуваат поголема транспарентност во однос на креирањето и имплементацијата на политиките од страна на институциите. Транспарентноста ги подобрува јавните услуги и ги прави институциите отчетни.
- **Кон инклузивен развој и иновации:** Отворените податоци имаат потенцијал за развој на економијата, преку развивање и користење на нови бизнис можности.

## 3 ЗАКОНСКА РАМКА

**Законот за користење на податоците од јавниот сектор донесен во 2014 година (Сл. Весник бр.27 од 05.02.2014 година) ја уредува обврска на институциите во Северна Македонија да објавуваат податоци кои ги создаваат во остварувањето на своите надлежности согласно со закон, со цел да овозможат користење на тие податоци од страна на правни или физички лица за создавање на нови информации, содржини, апликации или услуги. Предмет на користење се сите податоци од јавниот сектор освен:**

1 https://opendatacharter.net/

**а)** податоците што се исклучени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;

**б)** податоците до кои пристапот е ограничен со закон;

**в)** податоците чие создавање не е предмет на органот или институцијата од јавниот сектор;

**г)** податоците врз кои трети страни имаат право на интелектуална сопственост;

**д)** податоците што му припаѓаат на јавниот радиодифузен сервис, неговите дописништва и податоците на институциите задолжени за овозможување на емитувањето на јавниот радиодифузен сервис;

**ѓ)** податоците кои им припаѓат на органите и институциите кои вршат образовна или истражувачка дејност, вклучително и организации основани за размена на истражувачки резултати и

**е)** податоците кои им припаѓаат на установите од областа на културата со исклучок на библиотеките, музеите и архивите.



**Законот за користење податоци од јавниот сектор е заснован на Директивата за информации од јавниот сектор од 2003 година (PSI Directive 2003/98/EC[2]) и нејзините измени во 2013 година[3], која се фокусира на економските аспекти од реискористувањето на информации, наместо само обезбедување поголем пристап на информации до граѓаните.**

## 4 ПРИДОБИВКИ ОД ОТВОРЕНИТЕ ПОДАТОЦИ




*Објавувањето отворени податоци носи повеќекратни придобивки за општеството во целина.*

### ИНОВАЦИИ И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Отворените податоци ги поттикнуваат иновациите преку отстранување на бариерите за пристап, употреба и споделување на податоците.

Отворените податоци ги поддржуваат иновациите и економскиот раст преку откривање на нови можности на бизнисите за креирање на нови услуги, намалување на трошоците и подобрување на работењето.

Претприемачите го согледуваат потенцијалот на отворените податоци во тоа што може да ги искористат за градење иновативни услуги и апликации кои се од интерес на граѓаните, а за тоа да добиваат приходи врз основа на различни модели: на пример плаќање на членарина за користење на услугите, купување на услугите или пак добивање приходи од маркетинг.

### ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ И ПОДОБРИ ЈАВНИ УСЛУГИ

Објавувањето отворени податоци значи зголемен пристап до владините податоци и информации што и овозможува на јавноста подобар увид во владините активности, испораката на услуги и користењето на народните пари. Објавувањето отворени податоци може да обезбеди докази дека јавните пари добро се трошат и дека политиките се спроведуваат. Можноста за неограничено комбинирање на податоците и податочните сетови овозможува да се развие многу повисоко ниво на транспарентност и отчетност на институциите и им овозможува на граѓаните, новинарите и истражувачите да развијат различни информации за активностите на институциите. Тоа што граѓаните го очекуваат од институциите се подобри јавни услуги. Самите институции испорачуваат административни услуги врз основа на податоци кои тие ги создаваат, собираат и одржуваат во рамките на нивните надлежности.

---

2 https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/ALL/?uri=CELEX:32003L0098

3 https://eur-lex.europa.eu/legal-content/FR/ALL/?uri=CELEX:32013L0037

Доколку податоците се од јавен карактер, тие може да ги објават како отворени податоци и да овозможат на приватниот сектор да ги користи и да обезбедува јавни услуги. Корисноста од ваквиот пристап е дека конкуренцијата на пазарот ќе придонесе да се истакнат оние услуги кои се најдобро изработени и кои се најсоодветни на барањата на граѓаните и со тоа ќе се обезбедат најквалитетните јавни услуги.
Отворените податоци, исто така, им овозможуваат на владите да заштедат во многу клучни области како што се здравството, образованието и комуналните услуги.

### ПРИДОБИВКИ ЗА ОПШТЕСТВОТО

Отворените податоци овозможуваат креирање на дополнителна вредност во општеството и им помагаат на луѓето во спроведувањето на различни општествено корисни иницијативи. Во оваа насока:

- Отворените податоци имаат моќ да го променат начинот на кој патуваме. Отворените податоци од областа на транспортот им заштедуваат време на патниците, ги прават патувањата подостапни и им помагаат на туристите полесно да патуваат во непознати градови.
- Отворените податоци го менуваат начинот на кој работиме. Отворените податоци го намалуваат времето потребно за пронаоѓање информации и им овозможува на професионалците да го насочат поголемиот дел од своето време на продуктивни активности.
- Отворените податоци им помагаат на земјоделците да ги подобрат приносите од земјоделското производство преку полесен пристап до значајни информации и најнови истражувања.
- Отворените податоци помагаат во спасувањето на животи. Отворените географски податоци и статистиката за помош се користат од хуманитарни групи за испорака на потребните материјали во зоните погодени од катастрофи.
- Отворените податоци ги поврзуваат луѓето за важни културни теми и помагаат да се развие подетална дебата околу овие прашања.

## 5 ТРИ КОРИСНИ ПРЕПОРАКИ ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

**I. Започнете со отворањето на податочните сетови чекор по чекор.** Првично направете каталог на сите податочни сетови кои вашата институција ги продуцира. Нема правило дека сите бази на податоци мора да се отворат наеднаш. Направете приоретизација на објавувањето на податочните сетови согласно моделот препорачан со Стратегијата за отворени податоци 2018-2020 г. Во ред е да започнете со отворање на само неколку бази на податоци, или дури и еден дел од голема база на податоци, секако, колку повеќе податоци може да се отворат толку е подобро. Запомнете дека значајно е континуирано да работите на отворањето на податочните сетови и подобрување на нивната структура.



**II. Вклучете ги корисниците на податоците.** Вклучете ги сегашните и потенцијалните корисници на податоците што е можно порано во процесот на отворање на податочните сетови и правете го тоа колку што е можно почесто, без разлика дали се тие граѓани, бизниси или други засегнати страни. Ова ќе овозможи податоците кои ги објавувате да се во согласност со потребите на корисниците.



**III. Разрешете ги вообичаените стравови и недоразбирања кои се појавуваат кај вработените.** Ова е особено важно ако работите со или во големи институции. Кога отворате податоци, ќе наидете на многу прашања и стравови кои се јавуваат кај вработените. Важно е да се идентификуваат најважните прашања и стравови и да се справите со нив што е можно порано. Обезбедете ја потребната обука на вработените за да може да ги унапредите нивните знаења за процесот, објаснете како објавувањето на податоците ќе влијае на нивната работа, истакнете ги придобивките од процесот и слично.



Оваа публикација е подготвена од Фондација Метаморфозис во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.